ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# Опис на надлежности за антените на ресурсните центри

## Контекст

Општата цел на проектот „Поддршка на ЕУ за Граѓанскиот ресурсен центар – фаза 2" (понатаму во текстот: проектот) е зајакнато граѓанското општество кое активно учествува во креирањето политики и придонесува за зајакнување на партиципативната демократија во земјата. Специфичната цел на проектот е зголемен капацитет и отпорност на граѓанските организации да бидат компетентни, ефективни и одговорни независни чинители и средина која е поволна за граѓанското општество.

Повеќе информации за проектот се достапни на: www.rcgo.mk

Проектот ја препознава клучната улога на сите граѓански организации (ГО) во општествениот развој но и непосредната потреба да им се обезбедат ресурси, насоки и поддршка. Една од областите на кои проектот е фокусиран е обезбедувањето целосна поддршка на локалните ГО. Во таа насока, предвидена активност во рамките на оваа фаза на проектот е воспоставување национална платформа на поддржувачи на граѓанските организации.

За спроведување на оваа активност, проектот објавува отворен повик за избор на регионални експерти од граѓанското општество кои ќе служат како антени на ресурсните центри за поддршка и зајакнување на локалните организации. Експертите од граѓанското општество ќе бидат координирани и надгледувани од проектниот координатор.

## Цел на повикот

Целта на овој повик е да се изберат регионални експерти од граѓанското општество кои ќе бидат антени на ресурсните центри во различни региони и ќе служат како контакт точки за обезбедување ресурси и поддршка на локалните организации. Овие антени на ресурсните центри ќе обезбедуваат насоки, ресурси, обуки и менторство за подобрување на капацитетите на ГО во соодветните региони и пошироко. Тие ќе поттикнуваат соработка и вмрежување меѓу ГО како и со други засегнати страни. Дополнително, овие антени ќе го олеснат споделувањето на знаење и најдобри практики меѓу ГО.

Избраните антени треба да бидат составен дел на една одржлива национална платформа на поддржувачи на граѓанските организации.

Повикот е отворен за регионални експерти од граѓанското општество од следните плански региони: Североисточен, Источен, Вардарски, Југоисточен, Пелагониски, Полошки и Југозападен плански регион.

Овој опис на надлежности служи како водечка рамка за воспоставување и функционирање на антените на ресурсните центри за поддршка на локалните граѓански организации.

## Опис на работните задачи

Антените на ресурсните центри ќе ги имаат следните задачи и одговорности:

- Подготовка на првична проценка на потребите на локалните организации и областите во кои е потребно подобрување. Врз основа на добиените наоди да се направи детална програма за работа за давање поддршка на локалните организации;

Проектот е финансиран
од Европската Унија

- Изготвување на релевантни и прилагодени ресурси, алатки и насоки за ГО кои се однесуваат на клучните области идентификувани во проценката наведена во претходната точка;
- Изготвување на материјали за градење капацитети на ГО во соодветните области за кои се пријавил кандидатот;
- Испорака на обуки, работилници, вебинари, менторска поддршка и слично за пренесување знаења и вештини на ГО на теми во областите за кои се пријавиле;
- Поддршка при организирање на дискусии, информативни сесии и други настани за граѓанските организации да се вмрежуваат, да споделуваат информации, знаења и најдобри практики;
- Поттикнување на партнерства и соработка меѓу ГО во и низ регионите;
- Други задачи поврзани со остварување на целите на проектот.

**Времетраење на работниот ангажман**

Планирано е работниот ангажман да започне во јули 2024 година. Врз основа на оценката на работата на антените на ресурсните центри, договорот за работниот ангажман може директно да биде продолжен. Сепак, може да има и нови повици за избор на антени на ресурсните центри во следните години.

**Потребни квалификации и искуство на кандидатите**

Регионалниот експерт од граѓанско општество треба да ги исполнува следниве услови:

<u>Општи барања</u>

1. Универзитетска диплома (во случај да нема високо образование потребни се 5 години релевантно работно искуство дополнително на она што е побарано во точка 2);
2. Најмалку 5 години работно искуство во граѓанското општество вклучително и овозможувачка средина за развој на граѓанското општество;
3. Најмалку 3 години работно искуство во градење капацитети, спроведување обуки, менторство;
4. Докажано познавање на локалниот контекст, предизвиците и можностите за ефективно вклучување на ГО (ќе се проверува во текот на спроведување на интервјуто со кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг);
5. Докажано познавање на англиски јазик (ќе се проверува во текот на спроведување на интервјуто со кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг);
6. Докажани комуникациски, презентациски и фасилитаторски вештини (ќе се проверува во текот на спроведување на интервјуто со кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг).

<u>Посебни барања</u>

- Најмалку <u>5 работни ангажмани</u> за спроведени програми за градење капацитети и менторство во најмалку <u>две</u> од наведените области:
  - Прибирање средства и мобилизација на ресурси
  - Мониторинг и евалуација (организациско и проектно ниво)
  - Транспарентност и отчетност на ГО
  - Застапување и креирање политики
  - Односи со јавноста и видливост на ГО
  - Вмрежување, соработка и градење партнерства

Проектот е финансиран
од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

- Квалитет на испорака на услуги
- Финансиски менаџмент на ГО

- Најмалку три години искуство во два од наведените сектори:
  - Родова еднаквост и вклучување на родовите аспекти
  - Млади
  - Интеграција во Европската Унија
  - Социјално претприемништво
  - Добро владеење, владеење на правото и човекови права
  - Зелена транзиција
  - Дигитална транзиција
  - Овозможувачка средина за развој на граѓанското општество
  - Локален економски развој

- Искуство во проценка на потребите на ГО и подготовка на програми за градење капацитети;
- Жител на еден од следните плански региони: Североисточен, Источен, Вардарски, Југоисточен, Пелагониски, Полошки и Југозападен плански регион.

Кандидатите мора да бидат независни и без било каков конфликт на интереси. Имајте предвид дека државен службеник или друг персонал вработен/ангажиран во јавната администрација на централно и/или локално ниво не смее да биде ангажиран без претходно добиено писмено одобрение од Договорниот орган на проектот.

**Постапка за аплицирање**

Апликацијата треба да содржи:

- Писмо за изразување интерес и достапност заедно со финансиска понуда.
- Писмо за поддршка/препорака од најмалку една граѓанска организација.
- Биографија (CV) во ЕУ формат.
- Изјава (**https://rcgo.mk/wp-content/uploads/2024/02/izjava.docx**)

**Краен рок за аплицирање е 29 март 2024 година.** Апликациите треба да се достават на info@rcgo.mk.

Изборот на експерти ќе се врши во консултација со Делегацијата на Европската Унија, врз основа на дефинираните критериуми. При изборот на кандидати, доколку се процени дека експертизата на одреден кандидат е на тема која што е од посебно значење за проектот, за негов избор може да се применат и "тежински фактори". Кандидатите кои ќе влезат во потесен круг во процесот на селекција ќе бидат интервјуирани. Само успешните апликанти ќе бидат контактирани и известени. Доколку квалитетот на пријавените кандидати не е на задоволително ниво, проектот го задржува правото да не избере кандидат(и) од сите плански региони наведени на страна 1 од овој повик.

Проектот е финансиран
од Европската Унија